## ТАНЦОВА СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ПРАВИЛНИК ЗА ТАНЦОВ СКРУТИНЕР

## СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС И ЛИЦЕНЦИРАЊЕ

**член 1**

Танцов Скрутинер е овластено лице кое е задолжено за внесување на оценките од танцовите спортски судии во компјутерската програма за време на танцовиот спортски натпревар со цел определување на пласманот на танчерите спортисти.

**член 2**

Секое полнолетно лице со навршени 19 (деветнаесет) години, член на ТСФМ (да не е танчер спортист), може да се здобие со статус и лиценца за танцов скрутинер доколку има поминато семинар за танцов скрутинер во организација на ТСФМ и добие позитивно мислење од обучувачот за неговото познавање на програмата за обработка на податоците.
Кандидатот за танцов скрутинер поднесува писмена пријава со своите податоци и доказ за завршено образование до Генералнот Секретар.

**член 3**

Кандидатот за танцов скрутинер мора да има познавање на:

- Натпреварувачки правилник на ТСФМ,
- Судиски правилник на ТСФМ
- Системот за пресметка на резултати (Skating систем)
- работа со компјутер
- англиски јазик.

**член 4**

ТСФМ го организира обучувањето за танцови скрутинери по претходно доставен предлог до управниот одбор на ТСФМ од страна на кандидатите најмалку еднаш во 2 (две) години (доколку има потреба за тоа).

**член 5**

Обучувачот поднесува писмено известување до Управниот одбор на ТСФМ за одржаниот семинар и постигнатиот успех на пријавените кандидати во рок од 5 (пет) дена по завршувањето на испитот.

## ПРАВА И ОБВРСКИ

**член 6**

Право на танцов скрутинер е:

- да го знае распоредот на танцовите спортски натпревари на кој тој е повикан да ја извршува својата работа во тековната година,
- да му се обезбедат нормални услови за извршување на неговата работа за време на танцовиот спортски натпревар,
- да му се обезбеди непречен пристап до електрична енергија пред почетокот и за време на одржувањето на танцовиот спортски натпревар.
- да му се обезбедат основни средства за работа хартија за печатење на резултати, хартија за печатење на дипломи, како и други канцелариски материјали потребни за извршување на неговите работни обврски,
- со писмено барање да побара увид во неговото досие,
- со писмено барање да побара да му биде издадена копија од неговото досие,
- со писмено барање да побара да му биде издадена потврда за неговата работа како танцов скрутинер при ТСФМ за период кој тој ќе го побара,
- со писмено образложение, да побара да биде заменет со друг танцов скрутинер на танцов спортски натпревар за кој е определен да ја извршува својата работа,
- со писмено образложение, да побара мирување на неговата функција како танцов скрутинер за одреден период,
- за секоја повреда на своите права како танцов скрутинер, да поднесе барање за заштита на истите до Управниот Одбор.

**член 7**

Танцовиот Скрутинер сите свои барања ги доставува во писмена форма до Генералниот Секретар кои се проследуваат до Управниот Одбор.
Во случај да не е задоволен од одговорот, танцовиот скрутинер има право во писмена форма да го обжали истиот повторно до Собрание на ТСФМ како второстепен орган.

**член 8**

Обврска на танцов скрутинер е:

- да изработи распоред за танцовиот спортски натпревар пред неговиот почеток и да го предаде на организаторот,
- да пристигне на местото на одржување на танцовиот спортски натпревар најмалку 1 (еден) час пред официјалниот почеток на танцовиот спортски натпревар, да го пријави своето присуство кај главниот танцов спортски судија и организаторот на танцовиот спортски натпревар,
- за време на танцовиот спортски натпревар точно и навремено да ги внесува оценките од танцовите спортски судии во системот и да изготви резултати за секој натпреварувачки дел од танцовиот спортски натпревар,

- за време на танцовиот спортски натпревар да реагира до главниоттанцов спортски  судија за евентуални грешки или неправилности во поглед на пополнувањето на листовите за оценување од страна на танцовите спортски судии,
- да се однесува пристојно за време на извршување на својата работа како скрутинер на танцов спортски натпревар и во јавност кога ја претставува ТСФМ,
- по завршетокот на танцовиот спортски натпревар изготвениот билтен да го објави на веб страната на ТСФМ
- да води комплетна и уредна евиденција за сите изминати танцови спортски натпревари со вкупни резутати од оценувањето на танцовите спортски судии и пласманот на танчерите спортисти,
- во случај да е спречен да ја извршува својата работа како танцов скрутинер на танцов спортски натпревар за кој е определен, за тоа да го извести организаторот и главниот танцов спортски судија најдоцна една (1) недела пред почетокот на танцовиот спортски натпревар,
- да присуствува на состаноци на кој е повикан да присуствува од страна на Управниот Одбор на ТСФМ,
- да ја плати годишната лиценца за танцов скрутинер **најкасно до 31-ви јануари** за тековната година.

член 9

На сите танцови спортски натпревари организирани од ТСФМ, танцовиот скрутинер мора да биде облечен во црно одело, бела кошула, официјална вратоврска на ТСФМ и црни класични кондури без никакви украси.

член 10

За секое неисполнување на своите обврски наведени во член 8 од овој правилник, танцовиот скрутинер подлежи на дисциплинска постапка која може да биде поведена против него согласно Дисциплинскиот правилник на ТСФМ.

Скопје, 14.10.2020 година

Претседател на ТСФМ
Влатко Павлески